# Никој не одбира место за градските украси

Анета РИСТЕСКА

Од Министерството за култура велат дека реализацијата на проектот со скулптурите е на половина пат. Првите се веќе готови.

Скопје уште некое време ќе почека за барем малку да заличи на метропола како Њујорк, Париз, Рим или Лисабон. Не е прецизно дефинирана ниту една локација на која наскоро би можела да се најде некоја од 37-те скулптури, кои поставени во централното градско подрачје, според Министерството за култура, треба да го облагородат градот.

- Сè уште немаме конкретни решенија. Засега сè се сведува само на предлози. Комисијата надлежна за тоа работи со забрзано темпо, но немаме зацртан рок за тоа, зашто постојат неколку фази додека сето тоа помине на седница на Советот - вели Лидија Неделковска, од службата за односи со јавноста при општина Центар.

Надлежноста за овој проект поврзана со дефинирање локации, од општината вешто ја одбегнаа и Комисијата за култура и Комисијата за урбанизам, велејќи дека Одборот за изградба на споменици е одговорен за тоа. Оттаму пак тврдат дека немаат никаква врска со фазите на овој проект иницииран од Министерството за култура.

Инаку, според најновите измени во ДУП, скулптурите не се споменични обележја, туку едноставно само украси на градот.

Меѓу 28-те автори, чии скулптури носат најразлична тематика, се Антони Мазневски, Александар Ивановски-Карадаре, Наташа Божарова, Ангел Димовски, Сашо Саздовски, Искра Димитрова, Димитар Филиповски, Нина Ниневска, Ангел Нацевски, Дарко Дуковски, Томе Бундевски и други.

Конкурсот беше распишан во март годинава, а беа пријавени 108 проекти на 51 автор. Секој уметник имаше право да конкурира со најмногу три дела, а дадена му беше можност и да посочи локација која би била соодветна за неговото дело. Авторскиот хонорар за идејното решение за скулптурите изнесуваше 30.000 денари, а средствата за материјалот за нивна изработка комплетно ги покрива Министерството. Оттаму велат дека реализацијата на проектот е на половина пат и дека остануваат само уште две фази до неговиот финиш.

И уметниците се задоволни од досегашната соработка со Министерството и од текот на својата работа. Динамиката и роковите се определени од нивна страна.

-Засега сè е според планот. Средствата за изработка на скулптурите се исплаќаат сукцесивно. За мојата скулптура „Космо интеграла 2008“, која претставува композиција од три елементи и за која периодов се чека материјал кој треба да пристигне од Австрија, потребни се околу 30.000 евра. Тоа е скромна сума за еден ваков високотехнолошки процес на изработка на градска монументална скулптура - вели уметникот Антони Мазневски.

Неговата скулптура би требало да биде готова во март, а како можна локација за неа тој го посочил кејот.

Со нешто побрзо темпо тече работата и кај уметникот Александар Ивановски-Карадаре. Неговата композиција припаѓа на т.н „стрит арт“ и според тоа како можна локација за нејзино поставување го посочил влезот на ГТЦ, кај паркот. Скулптурата претставува средба на две девојки и е висока 2,5 метри.

- Конструкцијата е поставена, сега следи изработката со глина. Тоа може да биде готово и за 7-8 дена, но мене ми е важен квалитетот на скулптурата, па не можам да го предвидам со сигурност крајниот рок. Полирањето и затегнувањето на формата може да биде и два пати потешко од самата изработка - вели Карадаре.

„Енергетски трансфер“ и „Бесконечна циркулација“ се првите готови скулптури од мермер на авторот Сашо Саздовски, кои се дел од неговата магистерска изложба.

- Скулптурите претставуваат мое доживување на движењето на енергијата и нејзиниот трансфер од еден во друг вид. Би сакал едната да се најде на кружниот тек кај Арапска куќа, а другата на улицата Македонија - вели уметникот Саздовски.

## И „ПРОСЈАК“ И „БАЛЕРИНА“ ВО ЦЕНТАР

„Тешкото“, „Шмизла“, „Просјак“, „Човек-дрво“, Жена која медитира“, „Мачка“, „Кафез на душата“, „Балерина“, „Починка“, „Чистач на кондури“, „Излет“, „На кафе“, „Заљубени“, „Изгрејсонце“, се само дел од скулптурите кои, како што велат од Министерството за култура, треба да имаат едукативна мисија, со тоа што секојдневно би ја доближувале културната уметност до сите граѓани.

Оригиналноста, иновативноста, постигнатиот квалитет, карактеристиките и својствата на применетите материјали беа основните фактори според кои беа избрани идејните решенија за скулптурите кои ќе го красат кејот, Градскиот парк, улицата Македонија.